# КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА КФСМ

Кодексот на однесување се воспоставува со цел да овозможи и регулира насоки за сите оние кои настапуваат во име, или под надлежност на Кошаркарската федерација на РС Македонија (во понатамошен текст КФСМ). Кодексот важи за сите членови, вработени, избрани и именувани лица, службени лица на натпреварите и претставници на клубови во рамките на натпреварувањата на КФСМ. Сепак треба да се сфати дека упатствата, или советите нема (и не би смееле) да бидат замена за здравиот разум и пристојното однесување.

Сите членови во КФСМ и нејзините органи, како и службените лица на екипите и службените лица на натпреварите под капата на КФСМ (во понатамошниот текст членови) се задолжени во согласност со своите должности и обврски да постапуваат фер и коректно. Ова ја вклучува и обврската да се покаже интегритет, коректност, објективност и прецизност во секоја акција, или ситуација врзана со кошарката.

Секоја официјална задача мора да се исполнува професионално. Високото ниво на авторитет и автономност на сите членови на КФСМ се во согласност со нивните должности и повлекува со себе подеднакво високо ниво на посветеност и стручност.

Високото ниво на одговорноста кое ги карактеризира официјалните задачи бара исто така висок етички стандард на членовите кои се вклучени во задачата. Се надеваме дека почитувањето на ваквите високи стандарди ќе се рефлектира низ благодарност и позитивен став кон КФСМ од страна на останатите актери во кошаркарскиот спорт.

Овој висок професионален стандард константно ќе биде следен од страна на сите оние кои се на било каков начин поврзани со кошаркарскиот спорт и КФСМ и наша обврска е да го применуваме во секој момент.

КФСМ го усвојува овој кодекс на однесување и очекува од сите членови на КФСМ да ги почитуваат неговите принципи. Во досегашната работа КФСМ смета дека е значајно да се подигне на повисок степен довербата во професионалната работа на сите свои членови. Оваа доверба мора да се шири, како меѓу членовите на КФСМ така и на глобално ниво на кошаркарскиот спорт во РС. Македонија и пошироко.

КФСМ верува дека квалитетот и интегритетот на било која официјална задача се заснова на интегритетот и високиот личен морал на своите членови. Овој интегритет и етичко однесување претставуваат столб на идниот развиток на КФСМ и кошарката воопшто. Низ едукативните програми и други соодветни начини КФСМ ќе ги охрабрува разбирањето, прифаќањето и применувањето на следниве правила:

**Член 1.**

Членовите на КФСМ мораат да бидат ослободени од каква и да е друга обврска, освен фер и коректно да донесат суд за спортските збиднувања поврзани со кошаркарската

игра. Одлуките донесени по своето лично убедување, или исполнување на обврски кои што не се поврзани со кошаркарската игра и важечките акти на КФСМ ќе бидат неприфатливи.

Сите членови на КФСМ мораат:

• Лојалноста спрема кошаркарската игра и КФСМ ќе ја стават над лојалноста кон личностите, или личниот интерес;

• Да се придржуваат кон овој правилник и нормативните акти на КФСМ и никогаш да не бидат учесници во нивното непочитување и избегнување;

• Да ги подржуваат своите колеги и раководство на органите, како и раководство и персоналот на КФСМ;

• Да не даваат лични ветувања од било каков вид кои би можеле да влијаат на нормалната и стручната работа на органите и КФСМ;

• Да избегнуваат работење со трета страна директно или индиректно, на начин кој не е во согласност со обврските и принципите во КФСМ;

• Обврзани се без одлагање да пријават корупција, обложување/местење или судир на интереси, според постапката утврдена со актите на КФСМ.

**Член 2.**

Членовите на КФСМ не смеат да спроведуваат дискриминација на било кој начин правејќи специјални услуги и привилегии спрема било кој поради примања на подароци, против услуги, специјален третман или било каков сличен мотив.

Членовите на КФСМ не смеат да прифатат било за себе, или своето семејство, услуги, или подароци/бенефиции под околности кои би можеле да бидат сфатени како влијание врз извршувањето на нивните должности.

Членовите на КФСМ би требало да избегнуваат лични врски со личности, или организации кои можат, или се претпоставува дека би можеле да го загрозат фер, или објективното извршување на нивните должности.

**Член 3.**

Членовите на КФСМ се обврзуваат на дискреција во рамките на интерните нешта и работите на КФСМ.

Членовите на КФСМ мораат да настапуваат на начин кој е во согласност со кредибилитетот на КФСМ. Ова посебно се однесува на членовите на органите, работните тела, здруженијата и асоцијациите при КФСМ.

**КОДЕКС НА ОДНЕСУВАЊЕ НА КФСМ**

Земајќи го ова предвид, членови на КФСМ нема:

• Да даваат изјави кои можат да ја расипат сликата и имиџот на кошарката и/или КФСМ;

• Да работат на начин кој би ги загрозил сликата и имиџот на кошарката и/или КФСМ.

Правилата на убавото однесување мора да се почитуваат при секоја лична комуникација со официјални претставници КФСМ, или членовите на КФСМ во текот на официјалните акции на КФСМ, или надвор од нив.

Личната комуникација во никој случај не смее да биде користена:

• Да се шират гласини во однос на било кои субјекти, или личности;

• За вклучување во акции на други кои очигледно се насочени против видливите интереси на КФСМ и членовите на КФСМ;

• За присобирање на информации со намера за комуницирање со медиумите, или нивно користење на било каков начин што штети на КФСМ, на нејзините членки и партнери.

**Член 4.**

Членовите на КФСМ не смеат да консумираат алкохол, цигари, или слични супстанци на непримерен начин. Ова подразбира:

• Консумирање на алкохол, цигари или слични супстанци во енормни количини;

• Консумирање на алкохол, цигари или други психоактивни супстанци на јавни места во спортскиот објект;

• Консумирање на алкохол, цигари или слични супстанци пред, за време, или по официјални акции или задачи.

**Член 5.**

Вербално злоставување, физичко насилство, расизам, сексуално вознемирување итн:

• Ваков вид на однесување нема да биде толериран од страна на било кој, кој што е поврзан со КФСМ. Толеранција како и фер и подеднаков третман на сите вклучени страни ќе биде основа за секого кој настапува во име на КФСМ.

**Член 6.**

Обврска на членовите на КФСМ е да ги заштити играчите, претставниците на екипите, останати официјални службени лица на КФСМ, администраторите, телевизиските и

медиумските претставници, претставниците на партнерите и партнерските компании, навивачите итн., од несоодветно однесување. Истите мораат да се трудат да го промовираат коректното однесување и ставовите меѓу сите оние кои се вклучени во кошаркарските збиднувања.

**Член 7.**

Членовите на КФСМ мора константно да се стремат кон самоусовршување низ проучување на играта, правилата, тактичкиот и техничкиот развој на кошарката.

Членовите на КФСМ мораат да бидат свесни за своите можности при пријавувањето, или прифаќањето на службени задачи или одговорности.

**Член 8.**

Членовите на КФСМ имаат должност да се однесуваат кон останатите учесници/службените лица со професионално достоинство и љубезност и да избегнуваат јавно критикување на други службени лица.

Членовите на КФСМ не смеат да се обложуваат, или да прифаќаат било какви обложувања врзани за нивните активности, односно задачи, или да вклучуваат други тоа да го работат во нивно име.

**Член 9.**

Членовите на КФСМ не смеат да бидат учесници во било какви акции кои се насочени со цел неправедно да го ограничат, или блокираат пристапот кон службените обврски/задачи, или кон членството на КФСМ. Под ова се подразбира и протежирање на поединци за поедини позиции во КФСМ засновано врз економски фактори, расна, верска, боја на кожа, возраст, пол, сексуална ориентација, хендикепираност или национална припадност.

**ПОСЕБНИ ТОЧКИ:**

1. Секој член на КФСМ е должен да се придржува во однесувањето според следново:

• Членовите на КФСМ должни се да дојдат пристојно облечени (од кежуал до официјално), со пристоен изглед, кратко потшишан, избричен, без упадлив накит на рацете, околу вратот и ушите;

• Членови на КФСМ задолжително мора да ја носат официјалната добиена облека (вклучувајќи ги и рекламите);

• Членовите на КФСМ должни се да не консумираат било какви супстанци кои би можеле да ја загрозат нивната ментална и/или физичка состојба;

• Однесувањето на членовите на КФСМ, нивниот говор воопшто, пред, во текот на натпреварот, на патот кон местото натпреварот, на натпреварот, како и по натпреварот, мора да е во согласност со претходно наведеното, со акцент на спортско однесување, љубезност и самоконтрола;

• Членовите на КФСМ мора на местото каде ја обавуваат својата должност, состаноци, натпревари да дојдат на време за да можат да разменат корисни информации, да ги проверат објектите и опремата, да имаат време за разговор со колегите и учесниците, да дадат инструкции околу подобра организација кои ќе помогнат во нормално одржување на истите;

• Ниту еден член на КФСМ не смее јавно да ги критикува другите членови на КФСМ и нивните официјални претставници;

• Членовите на КФСМ должни се да ги заштитат и осигураат извештаите, видео снимките од надворешни влијанија и да посветат најголемо можно внимание за спречување можност од фалсификување на истите.

2. Секој член на КФСМ должен е да избегнува секакво дејствие кое е, или не е посебно забрането со овие правила, а кое би можело да резултира, или да придонесе за подолу наведениве појави, па според тоа тој, или таа нема:

• Да ја користи КФСМ за лични цели;

• Да дава предност на било кој;

• Делумно да изгуби независност, чесност и објективност;

• Да говори и изнесува доверливи внатрешни информации;

• Да ги открива предвреме одлуките на КФСМ;

• Да донесува одлуки во името на КФСМ;

• Негативно да влијае врз довербата на јавноста во интегритетот на КФСМ;

• Да прифати несоодветни, или непотребни подароци или услуги од кого било кој што сака да работи со КФСМ, или од неговите партнери или соработници;

• Недолично да се однесува дури и вон неговата, или нејзината задача.

3. Сите лица кои се наоѓаат на официјалните позиции во КФСМ мораат да внимаваат да обезбедат да не дојде до никакви забуни кои се однесуваат на нивниот статус.

Во таа смисла, особено е препорачливо за членовите на КФСМ на сите официјални настани да ги бранат официјалните ставови.

Според тоа, сите покани кои се однесуваат на членовите на КФСМ како службени лица мора да бидат адресирани на канцеларијата на КФСМ која ќе ги проследи до сите членови, односно органи, работните тела, комисии, здруженија, асоцијации.

Ниту една покана која е заснована на лична комуникација не смее да биде директно прифатена од страна на било кој член на КФСМ.

4. Овој Кодекс се применува заедно со АНЕКС 1 – Кодекс на однесување (FIBA Book 1, Chapter 5). Во случај на преклопување, не се повторува содржина, се применува построгата/посоодветната одредба.

5. Повредите на Кодексот претставуваат дисциплински прекршоци и се постапува според Дисциплинскиот правилник на КФСМ. Можни мерки: опомена, парична казна, привремено исклучување од задачи, отстранување од функција, согласно тежината на повредата.

Овој Кодекс на однесување на КФСМ е усвоен на седница на УО на КФСМ, 20.09.2025 година.

**Претседател на КФСМ,**

**Томе Главчев**